# З А К О Н
# ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ НАФТЕНИ РЕЗЕРВИ

## Редакциски пречистен текст[1]

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на законот

**Член 1**

Со овој закон се уредува обврската за обезбедување на високо ниво на безбедност на снабдувањето со сурова нафта и нафтени деривати преку формирање, чување и одржување на минимум резерви на сурова нафта и/или нафтени деривати во форма на задолжителни нафтени резерви (во натамошниот текст: задолжителни резерви), начинот и условите за формирање, чување и одржување на задолжителните резерви, воведување на неопходните процедури за интервенција заради справување со сериозен недостаток од нафтени деривати на пазарот и други прашања од значење за задолжителните резерви, како и основањето и надлежностите на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви.

### Дефиниции

**Член 2**

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1) **„адитиви"** се сите не-јаглеводородни соединенија што му се додаваат или се мешаат со даден производ заради изменување на неговите својства;

2) **„билатерален договор"** е договор склучен меѓу Владата на Република Северна Македонија и владата на која било земја членка на Европската унија и/или членка на Енергетската заедница, со кој се регулираат начинот и условите на чувањето на македонските задолжителни нафтени резерви во складишни капацитети на територијата на државата со која се склучува договорот;

3) **„голем прекин во снабдувањето"** е значителен и ненадеен пад во снабдувањето со сурова нафта и/или нафтени деривати во внатрешниот пазар на земјата, кај договорните страни на Енергетската заедница, во Европската унија или во земја-членка на Европската унија, без оглед дали истото довело до ефективна одлука на ниво на Европската унија за пуштање во промет на задолжителни нафтени резерви;

[1] Редакциски пречистениот текст на Законот за задолжителни нафтени резерви, ги опфаќа: основниот текст на Законот, објавен во "Службен весник на РМ" бр.144/14, Законот за изменување на Законот за задолжителни нафтени резерви, објавен во "Службен весник на РМ" бр.178/14, Законот за изменување на Законот за задолжителни нафтени резерви, објавен во "Службен весник на РМ" бр.199/15, Законот за изменување на Законот за задолжителни нафтени резерви, објавен во "Службен весник на РМ" бр.197/17, Законот за изменување на Законот за задолжителни нафтени резерви, објавен во "Службен весник на РМ" бр.7/19, Законот за изменување на Законот за задолжителни нафтени резерви, објавен во "Службен весник на РСМ" бр.275/19, Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжителни нафтени резерви, објавен во "Службен весник на РСМ" бр.150/21, Законот за дополнување на Законот за задолжителни нафтени резерви, објавен во "Службен весник на РСМ" бр.236/22 и Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжителни нафтени резерви, објавен во "Службен весник на РСМ" бр.147/24, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена

[*] Со овој закон се врши усогласување со Директивата за спроведување (ЕУ) 2018/1581 НА КОМИСИЈАТА од 19 октомври 2018 година за изменување на Директивата 2009/119/ЕЗ на Советот за методите за пресметување на обврските за чување резерви

4) **„домашна потрошувачка"** се вкупните количини на нафтени деривати кои се пресметани согласно со методот за пресметување на еквивалентот на сурова нафта за домашна потрошувачка, испорачани во Република Северна Македонија за енергетска и не-енергетска употреба при што овој збир ги вклучува испораките до секторот за преработка, секторите за индустрија, транспорт, домаќинства и до други сектори за "крајна" потрошувачка, вклучувајќи ја и сопствената потрошувачка на секторот за енергетика (освен погонското гориво за рафинериите);

5) **„достапност на задолжителните нафтени резерви"** е физичка достапност и расположливост на залихите на задолжителните нафтени резерви во секое време, заради непречено интервентно снабдување на пазарот во случај на нарушена енергетска сигурност;

6) **„евапорација"** е испарување на нафтата и нафтените деривати;

7) **„енергетски субјект"**е правно лице кое врши една или повеќе од следниве енергетски дејности: преработка на сурова нафта и производство на нафтени деривати, производство на горива наменети за транспорт со намешување на нафтени деривати и биогорива и трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, врз основа на лиценци издадени од надлежен орган согласно со Законот за енергетика;

8) **„задолжителни нафтени резерви (задолжителни резерви)**" се минимални резерви на сурова нафта и/или нафтени деривати сопственост на Република Северна Македонија, кои се формираат и чуваат од страна на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви со цел да се обезбедат услови за интервентно снабдување на пазарот со нафта и нафтени деривати, во случај на нарушување на енергетската сигурност на државата предизвикана од нарушувања во снабдувањето од поголеми размери;

9) **„контрола на квантитет на нафтени деривати"** е процес на физичко утврдување на количините на нафтените деривати, изразени во литри или килограми, со калибрирани инструменти;

10) **„контрола на квалитет на нафтени деривати"** е процес на утврдување на суштествените барања за граничните вредности на квалитативните својства на течните горива согласно со важечките прописи за квалитет на течните горива во Република Северна Македонија;

11) **„нафтени деривати"** се производи добиени од сурова нафта вклучително полупроизводите, класифицирани во следниве категории:

- лесни дестилати или лесни нафтени деривати (течни нафтени гасови ТНГ-бутан, пропан и смеса од бутан и пропан, сите видови моторни бензини и авиобензини),
- средни дестилати или средни нафтени деривати (сите видови дизел за автомобили, гасно масло или масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) и керозин) и
- тешки дестилати или тешки нафтени деривати (сите видови мазут) и друго (битумен и нафтен кокс);

12) **„нафтовод"** е цевковод со соодветни уреди и постројки за транспорт на сурова нафта;

13) **„ниво на задолжителни резерви"** е физичко реално ниво на пополнетост на резервите со нафтени деривати и/или со тикети, изразено во денови, пресметано врз основа на дневните просечни нето-увози или просечната дневна домашна потрошувачка, во претходната календарска година;

14) **„објекти/складишта/складишни капацитети за складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт“** се техничко-технолошка и функционална целина составена од резервоари и помошни постројки, кои треба да ги исполнуваат пропишаните услови за складирање на запаливи течности;

15) **„обновување на нафтени деривати“** е континуиран процес со кој постојните залихи на нафтените деривати од задолжителните резерви се заменуваат со нови количини од истиот вид и квалитет согласно со важечките прописи за квалитет, сé со цел да се сочуваат физичко-хемиските особини на резервите;

16) **„посебни резерви“** се нафтени резерви кои се уредени во членот 34 од овој закон;

17) **„правен промет“** е продажба, дистрибуција, складирање на нафтени деривати наменети за продажба и понуда за продажба или која било друга форма на пренос, независно дали преносот е бесплатен или не;

18) **„производител на нафтени деривати“** е вршител на енергетска дејност преработка на сурова нафта и производство на нафтени деривати и/или производство на горива наменети за транспорт со намешување на нафтени деривати и биогорива;

19) „продуктовод“ е цевковод со соодветни уреди и постројки за транспорт на нафтени деривати или на горива за транспорт;

20) **„рандман“** е просечната нафтена добивка при преработка на сурова нафта;

21) **„референтна година“** е календарската година која е база на податоци за реализираната потрошувачка или нето-увоз во земјата и служи за пресметка на количините на задолжителни резерви кои треба да се чуваат и оние што реално се чуваат во даден временски период;

22) **„тикет“** е договор за опциско купување на сурова нафта и/или нафтени деривати по однапред утврдени критериуми во утврден временски период;

23) **„трговец на големо со горива**“ е вршител на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, кој купува сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт од производители, тргува со други трговци на големо со горива и ги снабдува трговците на мало со горива и потрошувачите;

24) **„трговско друштво - складиштар“** е трговско друштво кое поседува најмалку една од наведените лиценци за вршење на енергетските дејности: преработка на сурова нафта и производство на нафтени деривати; производство на горива наменети за транспорт со намешување на нафтени деривати и биогорива и трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, а кое истовремено поседува и акцизна дозвола согласно со Законот за акцизите и со кое Агенцијата за задолжителни нафтени резерви има склучено договор согласно со овој закон;

25) **„формирање на задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати“** е процес на набавка на сурова нафта и/или нафтени деривати и нивно складирање во складишни капацитети, со што се обезбедуваат услови за интервентно снабдување на пазарот со нафтени деривати во случај на нарушување на енергетската сигурност на државата предизвикана од нарушувања во снабдувањето од големи размери;

26) **„централно тело за чување резерви“** е Агенцијата за задолжителни нафтени резерви на Република Северна Македонија која е овластена за формирање, чување, одржување и продажба на задолжителни резерви и

27) **„чување“** е обврска на трговските друштва - складиштари во своите резервоарски капацитети да складираат, чуваат и обновуваат сурова нафта и/или нафтени деривати од задолжителните резерви.

**Начело за субсидијарност**

**Член 3**

(1) Во постапката на спроведување на одредбите од овој закон се применуваат одредбите од Законот за општа управна постапка, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

(2) Во постапката при вршење на инспекциски надзор се применуваат одредбите од Законот за инспекциски надзор, Законот за државен пазарен инспекторат и Законот за техничката инспекција доколку со овој закон поинаку не е уредено.

II. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ РЕЗЕРВИ, ФОРМИРАЊЕ, ЧУВАЊЕ, ПРЕСМЕТУВАЊЕ И СТАТИСТИЧКИ РЕЗИМЕА

**Обврска за чување на задолжителни резерви**

**Член 4**

(1) Задолжителните резерви се формираат и чуваат со цел да се обезбеди непречено снабдување на пазарот со сурова нафта и/или нафтени деривати во случај на нарушена енергетска сигурност предизвикана од вонредно пореметување и значителен и ненадеен пад во снабдувањето на пазарот со сурова нафта и нафтени деривати, според одредбите на овој закон и подзаконските акти кои од него произлегуваат. Вонредното пореметување на снабдувањето може да биде предизвикано со нарушување на регионалниот пазар на сурова нафта и нафтени деривати и/или од причини и услови на чие настанување неможе да се влијае, а се случиле на територијата на Република Македонија и/или во земјите преку кои се врши увоз на сурова нафта и нафтени деривати за потребите на пазарот во Република Македонија.

(2) Задолжителните резерви се користат во случај на нарушување и пореметување во снабдувањето со нафтени деривати кое може да биде предизвикано на пазарот во Република Македонија.

(3) Задолжителните резерви се користат и заради исполнување на меѓународните обврски на Република Македонија.

**Формирање на задолжителни резерви**

**Член 5**

(1) Задолжителните резерви се формираат постепено во согласност со акцискиот план од член 12 став (2) на овој закон, со цел да се обезбеди вкупните задолжителни резерви кои се чуваат во секое време во Република Македонија да

одговараат на најмалку 90 дена од дневните просечни нето увози или на 61 ден од просечната дневна домашна потрошувачка, во претходната календарска година, во зависност од тоа која од двете наведени количини е поголема.

(2) Просечните дневни нето увози и просечната дневна домашна потрошувачка за тековната календарска година, се пресметуваат врз основа на еквивалентот на суровата нафта за увозите и домашната потрошувачка во текот на претходната календарска година.

(3) Министерот надлежен за работите од областа на енергетиката, на предлог на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви, пропишува методи и процедури за пресметка на просечните дневни нето увози и просечната дневна домашна потрошувачка.

(4) По исклучок од ставот (2) на овој член, просечните дневни нето увози и просечната дневна домашна потрошувачка за тековната календарска година, а кои се однесуваат за периодот од 1 јануари до 30 јуни, може да се пресметуваат и врз основа на увезените или потрошените количини во текот на претпоследната година пред односната календарска година.

(5) Обврските за чување од ставот (1) на овој член за тековната година, во однос на претходната година, се усогласуваат најдоцна до 1 јули во тековната година и важат најдоцна до 30 јуни следната година.

## Структура на задолжителните резерви

### Член 6

(1) Задолжителните резерви кои се чуваат во форма на готови производи се составени од еден или повеќе видови на нафтени деривати класифицирани во следниве категории:

- лесни дестилати или лесни нафтени деривати (течни нафтени гасови ТНГ-бутан, пропан и смеса од бутан и пропан, сите видови моторни бензини и авиобензини),
- средни дестилати или средни нафтени деривати (сите видови дизел за автомобили, гасно масло или Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) и керозин) и
- тешки дестилати или тешки нафтени деривати (сите видови мазут) и друго (битумен и нафтен кокс).

(2) Задолжителните резерви се составени од оние нафтени деривати од ставот (1) на овој член чиј заеднички удел во вкупната домашна потрошувачка во претходната календарска година, пресметани согласно членот 5 од овој закон, изнесува најмалку 75%.

(3) Уделот на нафтените деривати од ставот (2) на овој член во вкупните количини на задолжителните резерви кои се чуваат, ќе биде одреден врз основа на поединечните удели во вкупната домашна потрошувачка во претходната календарска година.

(4) Нафтените деривати од ставот (1) на овој член кои се чуваат како задолжителни резерви можат делумно да се чуваат во форма на сурова нафта. Уделот на суровата нафта неможе да биде поголем од 40% од вкупната обврска за чување на задолжителни резерви утврдена согласно член 5 на овој закон.

(5) Задолжителните резерви од ставовите (1) и (4) на овој член може да се чуваат и во нематеријален облик во форма на тикети.

(6) Моторните биогорива како и адитивите, се земаат предвид при пресметувањето на фактичките количини на задолжителните резерви што се чуваат доколку се смешани во конкретните нафтени деривати соодветно на техничките спецификации. Моторните биогорива и адитивите се земаат предвид и доколку треба да се смешаат со нафтените деривати коишто се чуваат заради исполнување на обврската за чување задолжителни резерви и со нив ќе бидат складирани во истите рафинерии или истите складишта или пак, во рафинерии и складишта, коишто се поврзани со оперативни цевководи. Моторните биогорива се земаат предвид во обем, во којшто можат, согласно техничките спецификации, да се смешаат со постоечките нафтени деривати и истите да се користат во транспорт.

## Тикети

### Член 7

(1) Агенцијата за задолжителни нафтени резерви, со цел исполнување на обврската за чување на задолжителни резерви од членот 5 ставот (1) од овој закон, може да склучува тикети со коишто трети лица се обврзуваат за определена цена да резервираат определени количини на сурова нафта и/или нафтени деривати по однапред утврдени критериуми во утврден временски период.

(2) Склучувањето на тикети се врши ако обврската за чување на задолжителни резерви неможе економично да се исполни на друг начин и доколку на тој начин резервираните количини во секое време и во целост и стојат на располагање на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви.

## Што не се вклучува во задолжителните резерви

### Член 8

(1) При пресметување на нивото на задолжителни резерви кои се чуваат не се земаат предвид количините на сурова нафта во нафтоводи и количините на нафтени деривати во продуктоводи.

(2) За задолжителни резерви не се сметаат нафтените деривати од стоковите резерви утврдени со Законот за стокови резерви и оперативните резерви уредени со Законот за енергетика.

(3) Со цел исполнување на обврската за чување резерви, не се зема предвид суровата нафта што сеуште не е произведена, како ни количините што се чуваат:

1. во цевководи;
2. во вагони-цистерни;
3. во бункери на морски бродови;
4. на бензиски станици и малопродажни објекти;
5. од страна на други потрошувачи;
6. во бродови цистерни и
7. како воени резерви.

(4) Во пресметувањето на обврските за чување на резерви не се вклучуваат ни резервите коишто се чуваат од страна на енергетските субјекти во Република Македонија кои имаат преземено обврска за чување нафтени резерви на друга држава.

## Собирање на податоци со цел утврдување на остварената потрошувачка и нето увозот на нафтени деривати во претходната година

### Член 9

(1) Податоците за утврдување на остварената потрошувачка и нето увозот на нафтени деривати во Република Македонија во претходната календарска година, се собираат врз основа на одредбите од Законот за државната статистика и Програмата за статистички истражувања.

(2) Енергетските субјекти кои вршат преработка на сурова нафта и производство на нафтени деривати и/или производство на горива наменети за транспорт со намешување на нафтени деривати и биогорива должни се во текот на календарската година до Државниот завод за статистика и до Министерството надлежно за работите од областа на енергетиката да доставуваат тековни месечни извештаи за произведените, увезените и испорачаните количини на нафтени деривати најдоцна до 20 во тековниот месец за претходниот месец.

(3) Енергетските субјекти кои вршат дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, должни се во текот на календарската година до Државниот завод за статистика и до Министерството надлежно за работите од областа на енергетиката да доставуваат тековни месечни извештаи за увезените и испорачани количини на нафтени деривати најдоцна до 20 во тековниот месец за претходниот месец.

(4) Покрај податоците од ставовите (2) и (3) на овој член, енергетските субјекти се должни во извештаите до Државниот завод за статистика како и до Министерството надлежно за работите од областа на енергетиката. да доставуваат и разложени податоци за залихите на сурова нафта и/или нафтените деривати кои ги чуваат за сопствени потреби како оперативни резерви согласно Законот за енергетика, нафтените резерви кои ги чуваат согласно овој закон и стоковните резерви согласно Законот за стоковните резерви, најдоцна до 20-ти во тековниот месец за претходниот месец.

(5) Агенцијата за задолжителни нафтени резерви и Агенцијата за стоковни резерви се должни до Државниот завод за статистика и до министерството надлежно за вршење на работите од областа на енергетиката, најдоцна до 20-ти во тековниот месец за претходниот месец, да доставуваат месечен извештај со разложени податоци за залихите на сурова нафта и/или нафтени деривати кои ги чуваат во претходниот месец.

(6) Агенцијата за задолжителни нафтени резерви и Агенцијата за стоковни резерви се должни до Државниот завод за статистика и министерството надлежно за вршење на работите од областа на енергетиката, до 31 јануари во тековната година, да доставуваат годишен извештај со разложени податоци за залихите на сурова нафта и/или нафтените деривати кои ги чуваат во претходната година.

(7) Врз основа на извештаите од ставовите (2), (3), (4) и (5) на овој член, како и податоците за сурова нафта и нафтени деривати добиени од Царинската управа на Република Македонија согласно член 33 ставови (1) и (2) на овој закон, Државниот завод за статистика најдоцна до 28 февруари во тековната година ја утврдува остварената потрошувачка и нето увозот на нафтени деривати во претходната календарска година и до министерството надлежно за работите од областа на енергетиката и Агенцијата за задолжителни нафтени резерви доставува претходен годишен извештај врз основа на собраните статистичките

податоци, а со цел министерството надлежно за работите од областа на енергетиката да ја пресмета обврската за чување на задолжителни резерви за секоја тековна година, изразена во тони во еквивалент на сурова нафта.

(8) Покрај претходен годишен извештај согласно ставот (7) од овој член, Државниот завод за статистика се обврзува врз основа на податоците од ставовите (2), (3) и (4) на овој член до Агенцијата за задолжителни нафтени резерви и до министерството надлежно за вршење на работите од областа на енергетиката да доставува и месечни извештаи 55 дена од истекот на месецот за кој се однесува извештајот.

(9) Формата, содржината како и начинот на доставување и изготвување на извештаите од ставовите (7) и (8) на овој член, ги пропишува Државниот завод за статистика на Република Македонија во соработка со министерството надлежно за работите од областа на енергетиката и Агенцијата за задолжителни нафтени резерви.

## Статистички резимеа

### Член 10

(1) Енергетските субјекти кои вршат една или повеќе од следниве енергетски дејности: преработка на сурова нафта и производство на нафтени деривати; производство на горива наменети за транспорт со намешување на нафтени деривати и биогорива и трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, должни се до Агенцијата за задолжителни нафтени резерви да доставуваат податоци за состојбата на задолжителните резерви кои ги чуваат, а кои не претставуваат посебни резерви. Овие податоци треба да содржат информации за магацинот, рафинеријата или складиштето каде што се лоцирани предметните резерви, количините и видовите на предметните резерви, на месечно ниво најдоцна до 20 во тековниот месец за претходниот месец.

(2) За количините, квалитетот, структурата и разместувањето на задолжителните резерви, вклучувајќи ги и задолжителните резерви на други држави кои се чуваат на територијата на Република Македонија врз основа на меѓународни договори, Агенцијата за задолжителни нафтени резерви составува месечни статистички резимеа, врз основа на податоците од членот 9 од овој закон и од ставот (1) на овој член.

(3) Министерството надлежно за работите од областа на енергетиката е должно статистичките резимеа од ставот (2) на овој член да ги доставува до Европската комисија.

(4) Министерот надлежен за работите од областа на енергетиката, на предлог на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви, ги пропишува правилата за подготовка и роковите за поднесување на статистичките резимеа од ставот (3) на овој член до Европската комисија.

## Пресметување на нивото на задолжителни резерви

### Член 11

(1) Нивото на задолжителни резерви коишто се чуваат се пресметува врз основа на методите и процедурите за пресметување на обврските за чување на резерви утврдени во прописот од став (2) на овој член.

(2) Министерот надлежен за работите од областа на енергетиката, на предлог на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви, ги пропишува методите и процедурите за пресметка на нивото на задолжителни резерви од ставот (1) на овој член.

(3) Нивото на задолжителни резерви кои се чуваат во одредено време се пресметуваат со користење на податоци од референтната година како што е утврдено во член 5 ставови (2) и (4) од овој закон.

## Прописи за утврдување на количината и структурата на задолжителните резерви

### Член 12

(1) Формирањето, чувањето и обновувањето на задолжителните резерви, Агенцијата за задолжителни нафтени резерви го врши врз основа на следните прописи:

- акциски план за формирање на задолжителни резерви,
- годишна програма со финансиски план за тековната година и
- одлука за количината и структурата на задолжителните резерви за тековната година.

(2) Владата на Република Македонија, на предлог на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви, донесува акциски план за формирање на задолжителни резерви во кој се уредува динамиката на формирање на задолжителните резерви изразена во денови на покриеност со сурова нафта и/или нафтени деривати согласно членот 5 став (1) на овој закон, динамиката и начинот на обновување на задолжителните резерви, организација на складирањето и територијалната разместеност на задолжителните резерви, како и потребата и начинот на инвестирање во обновување на постојните и изградба на нови складишни капацитети.

(3) Владата на Република Македонија, на предлог на министерството надлежно за работите од областа на енергетиката, најдоцна до 15 март секоја година, со одлука ја пропишува количината и структурата на задолжителните резерви пропишани во член 6 од овој закон, кои ќе се чуваат во тековната година, врз основа на нето увозот или реализираната домашна потрошувачка во претходната календарска година, во зависност од тоа која количина е поголема. Агенцијата за задолжителни нафтени резерви има обврска да го изготвува текстот на предлог одлуката од овој став и да го доставува до министерството надлежно за вршење на работите од областа на енергетиката, најдоцна до 10 март секоја година.

(4) Врз основа на одлуката на Владата на Република Македонија од став (3) на овој член и во согласност со акцискиот план од став (2) на овој член, директорот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви, по претходна согласност на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини најдоцна до 31 март во тековната година донесува годишна програма со финансиски план со која подетално се уредуваат вредноста и динамиката на формирање, постапката и динамиката за обновување, како и продажба со цел обновување на задолжителните резерви.

## Регистар на задолжителни резерви

### Член 13

(1) За количината, структурата, разместеноста и расположивоста на задолжителните резерви, Агенцијата за задолжителни нафтени резерви води и одржува Регистар на задолжителни резерви (во натамошниот текст Регистар) кој

постојано се ажурира. Регистарот особено ги содржи информациите кои се неопходни да се прецизира рафинеријата или складиштето каде што се чуваат задолжителните резерви, фактичките количини и видови на нафтени деривати од задолжителните резерви како и сопственикот на резервите. Резиме од Регистарот од овој став се доставува до министерството надлежно за работите од областа на енергетиката.

(2) Министерството надлежно за работите од областа на енергетиката, најдоцна до 25 февруари секоја година до Европската комисија доставува резиме од Регистарот на задолжителни резерви, во кое се дадени количините и видовите на задолжителните резерви вклучени во Регистарот последниот ден од претходната календарска година.

(3) Покрај резимето од ставот (2) на овој член, министерството надлежно за работите од областа на енергетиката на Европската комисија и праќа целосна копија од Регистарот, во рок од 15 дена по добиено барање од Европската комисија. Оваа копија не мора да содржи чувствителни податоци во поглед на локацијата на резервите. Ваквите барања од страна на Европската комисија може да се поднесат не подоцна од пет години по датумот на кој се однесуваат бараните податоци и не се однесуваат на податоци за кој било период пред датумот на пристапување на Република Македонија во Европската Унија.

(4) Министерот надлежен за работите од областа на енергетиката, на предлог на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви, ги пропишува содржината, формата и начинот на водење на Регистарот, како и правилата за подготовка и роковите за поднесување на резимеа од Регистарот до Европската комисија.

## III. ЧУВАЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ РЕЗЕРВИ

### Чување на задолжителните резерви

### Член 14

(1) Задолжителни резерви се чуваат во сопствени и/или изнајмени складишни резервоарски капацитети на територија на Република Македонија, за кои е издадена акцизна дозвола во согласност со Законот за акцизите.

(2) Дел од задолжителните резерви може да се чуваат и во земји - членки на Европската унија и/или земји потписнички на договорот на Енергетската заедница (Energy Community Treaty), врз основа на претходно склучен билатерален договор меѓу Република Македонија и земјата - членка на Европската унија и/или на Енергетската заедница, во која ќе се складираат и чуваат задолжителните резерви.

(3) За видот, количината и временскиот период на чување на задолжителни резерви надвор од територијата на Република Македонија одлучува Владата на Република Македонија.

(4) Кога задолжителните резерви се чуваат во изнајмени акцизни складишни резервоарски капацитети на територија на Република Северна Македонија, истите капацитети може да ги користат и економските субјекти вршители на една или повеќе од следниве енергетски дејности: преработка на сурова нафта и производство на нафтени деривати; производство на горива наменети за транспорт со намешување на нафтени деривати и биогорива и трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, при што обврзувачки е залихите на сурова нафта и нафтени деривати од задолжителните

резерви да се евидентираат одделно и со нив не смее да се постапува без претходен писмен налог и согласност од Агенцијата за задолжителни нафтени резерви.

(5) За чување на задолжителните резерви согласно со ставот (4) на овој член, Агенцијата за задолжителни нафтени резерви склучува договор за складирање со трговските друштва - складиштари согласно со членот 15 став (1) од овој закон.

**Права и обврски кои произлегуваат од чувањето на задолжителни резерви**

**Член 15**

(1) Трговските друштва – складиштари од членот 14 став (5) од овој закон, за чување на задолжителни резерви треба да поседуваат најмалку една од следниве лиценци за вршење на енергетска дејност: за преработка на сурова нафта и производство на нафтени деривати; за производство на горива наменети за транспорт со намешување на нафтени деривати и биогорива и за трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, издадена во согласност со Законот за енергетика, како и да поседуваат акцизна дозвола издадена во согласност со Законот за акцизите.

(2) Трговските друштва - складиштари од став (1) на овој член, имаат обврска да обезбедат најмалку 30% од своите вкупни функционални капацитети, за секој нафтен дериват одделно, за складирање на сурова нафта и/или нафтени деривати од задолжителните резерви на Република Македонија.

(3) Владата на Република Македонија на предлог на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви ја пропишува висината на надоместокот за чување и евапорација на нафта и нафтени деривати на задолжителните резерви.

(4) Трговските друштва - складиштари имаат обврска задолжтелните резерви кои ги чуваат во форма на готови производи, задолжително во секое време по квалитет да одговараат на важечките прописи за квалитет на течните горива во Република Македонија, истите да не содржат недозволени примеси и/или нечистотии кои можат битно да влијаат врз квалитетот и на фактичките количини на нафтените резерви, и да бидат во состојба која овозможува да бидат спремни за испорака.

(5) Трговските друштва - складиштари кои чуваат сурова нафта и/или нафтени деривати од задолжителните резерви, немаат право на задржување, заложно право како и извршување и пленидба над истите.

(6) Трговските друштва - складиштари имаат обврска на барање на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви да овозможат слободен пристап до складишните капацитети како и да ја ставаат на увид целокупната документација од која е видлива дневната состојба на складот и состојбата на задолжителните резерви.

(7) Агенцијата за задолжителни нафтени резерви и трговските друштва – складиштари кои чуваат задолжителни резерви, должни се да им овозможат на овластените претставници на Европската комисија преглед на задолжителните резерви и пристап до местата каде што се чуваат истите, вклучително и увид во документацијата врзана за задолжителните резерви.

(8) Агенцијата за задолжителни нафтени резерви и трговските друштва – складиштари кои за Агенцијата вршат чување и складирање на задолжителни резерви, должни се сите документи и податоци кои се однесуваат на видот, количината, квалитетот и територијалната разместеност на резервите, да ги чуваат најмалку пет години од денот на нивното создавање.

## Забрана за користење на задолжителните резерви како средства за обезбедување

### Член 16

Суровата нафта и нафтените деривати од задолжителните резерви кои се сопственост на Република Македонија и со кои управува Агенцијата за задолжителни нафтени резерви не можат да бидат предмет на задржување, залог, извршување и пленидба.

## Расположивост на задолжителните резерви

### Член 17

(1) Агенцијата за задолжителни нафтени резерви води сметка задолжителните резерви да бидат во секој момент достапни и физички пристапни и да не се врши нивно изнесување од складишниот простор без нејзино одобрение.

(2) За потребите на територијалната разместеност на задолжителните резерви, Република Македонија се смета за еден регион, земајќи ги предвид инфраструктурните карактеристики на земјата, големопродажната логистичка мрежа за снабдување на пазарот и локациите на складишните капацитети за сурова нафта и нафтени деривати.

(3) Агенцијата за задолжителни нафтени резерви се грижи задолжителните резерви територијално да бидат рамномерно распоредени, при што може во одделни подрачја да биде складирана поголема количина доколку тоа е потребно од технички и економски причини и доколку е обезбедено непречено снабдување на целокупната територија на Република Македонија.

(4) Резервите коишто се чуваат на територија на Република Македонија за друга земја-членка на Европската унија или на Енергетската заедница, кои треба да се употребат како мерка при постапка за вонредна состојба, не можат да бидат предмет на задржување, залог, извршување и пленидба.

(5) Во случај на примена на постапки за пуштање на задолжителни резерви на пазарот со цел обезбедување на непречено снабдување заради нарушена енергетска сигурност, Владата на Република Македонија треба да се воздржи од попречување, како и да забрани преземање на мерки кои го попречуваат трансферот, користењето или пуштањето во промет на задолжителните резерви што се чуваат на територијата на Република Македонија во име на друга држава.

IV. АГЕНЦИЈА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ НАФТЕНИ РЕЗЕРВИ

## Агенција за задолжителни нафтени резерви

### Член 18

(1) Агенцијата за задолжителни нафтени резерви (во натамошниот текст: Агенција за задолжителни резерви) е самостојно, независно и непрофитно правно лице кое извршува работи од јавен интерес и е централно тело за чување на задолжителни резерви, единствено овластена за формирање, одржување, чување и продажба на задолжителните резерви на Република Македонија, согласно овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) Работењето на Агенцијата за задолжителни резерви се заснова на принципите на стручност, професионалност, транспарентност и одговорност за работењето.

## Правен статус

### Член 19

(1) Агенцијата за задолжителни резерви за својата работа одговара пред Владата на Република Македонија.

(2) Седиштето на Агенцијата за задолжителни резерви е во Скопје..

(3) Скратен назив на Агенцијата за задолжителни резерви кој ќе се употребува во домашниот правен промет е МАКОРА.

(4) Полниот назив кој ќе се употребува во меѓународниот правен промет е „Compulsory Oil Reserves Agency." Скратен назив во меѓународниот промет е MACORA.

## Надлежности на Агенцијата за задолжителни резерви

### Член 20

(1) Основни надлежности на Агенцијата за задолжителни резерви се:

- формирање, чување, обновување и управување со задолжителните резерви на Република Македонија;
- купување и продажба на сурова нафта и/или нафтени деривати со цел формирање и обновување на задолжителните резерви;
- склучување на тикети и договори врзани за други финансиски инструменти за формирање на задолжителни резерви и ограничување на пазарните и ценовни ризици во текот на формирањето и одржувањето на задолжителните резерви;
- пресметување на нивото на залихи на задолжителните резерви врз основа на податоци од референтната година;
- водење на евиденција за нивото, видот и територијалната разместеност на задолжителните резерви;
- изготвување и водење на Регистри на задолжителните и посебните резерви;
- осигурување на залихите на задолжителни резерви од ризици;
- предлагање начин за утврдување, пресметување, висина и уплатување на надоместокот за задолжителни резерви, како и содржината, начинот и роковите за достава на податоци за пласманот на нафтени деривати на домашниот пазар;
- прибирање на надоместокот за задолжителни резерви;
- водење на евиденција за висината на уплатата на надоместокот за задолжителни резерви;
- грижа за наменско трошење на финансиските средства за работењето на Агенцијата за задолжителни резерви;
- предлагање начин на утврдување, пресметување, висината и надоместувањето на трошокот за чување и евапорација на нафта и нафтени деривати од задолжителните резерви;
- следење на расположивоста на складишни капацитети за складирање на задолжителни резерви;
- изградба, обновување, реконструкција и одржување на нови и/или постоечки складишни капацитети;
- склучување на договори за складирање и чување на задолжителните резерви и нивно евидентирање;
- предлагање начин за користење, физичка достапност и расположивост на задолжителните резерви во случај на нарушување на енергетската сигурност на државата предизвикана од пореметувања во снабдувањето од поголеми размери;
- пуштање на задолжителни резерви во промет во случај на настанување на поголеми нарушувања на снабдувањето на пазарот, согласно овој закон;

- надзор и управување со задолжителните резерви кои се складирани на територијата на Република Македонија или на територија на друга држава, согласно овој закон;
- надзор над спроведувањето на одредите на овој закон;
- соработка со надлежните државни органи и институции и стопански субјекти во Република Македонија како и соработка со меѓународни институции и
- редовно следење на домашниот и меѓународен пазар на сурова нафта и нафтени деривати;
- води евиденција на уплатата на надоместокот за задолжителни нафтени резерви.

(2) Покрај надлежностите и работите од став (1) на овој член, Агенцијата за задолжителни резерви врши и други работи во согласност со овој закон, прописите донесени врз основа на овој закон, меѓународните договори од областа на безбедноста во снабдувањето ратификувани согласно Уставот на Република Македонија и со Статутот на Агенцијата за задолжителни резерви.

## Наменско трошење на финансиски средства

### Член 21

(1) Под наменско трошење на финансиските средства од членот 20 став (1) алинеја 11 од овој закон, се подразбира:

- подмирување на трошоците за купување на сурова нафта и/или нафтени деривати со цел формирање на задолжителните резерви;
- подмирување на трошоците за тикети и за договори врзани за други финансиски инструменти за формирање на задолжителни резерви и ограничување на пазарни и ценовни ризици во тек на формирање и одржување на задолжителните резерви;
- подмирување на трошоците за осигурување, складирање и обновување на задолжителните резерви;
- подмирување на трошоците за контрола на квантитетот и квалитетот на задолжителните резерви;
- подмирување на трошоците настанати како резултат на задолжување на финансиските пазари на капитал и останати трошоци на капиталот;
- подмирување на придружни трошоци (за разни студии, дозволи, истражувања, мерна опрема, заштитна опрема, мониторинг и сл.) во врска со создавање на предуслови за прифаќање и складирање на задолжителните резерви, а со цел зголемување на сигурноста на превозот и складирањето на опасни товари и ограничување на можностите за негативно влијание на животната околина;
- подмирување на оперативните трошоци за работење на Агенцијата за задолжителни резерви;
- подмирување на останатите трошоци поврзани со прашања од задолжителните резерви и безбедноста на снабдувањето кои произлегуваат од природата на дејноста;
- купување, градење, реконструкција и доградување на резервоарски капацитети и соодветни постројки и инсталации, како и управување со нив и
- подмирување на трошоци за редовно следење на домашниот и меѓународен пазар на сурова нафта и нафтени деривати.

(2) Складирањето на задолжителните резерви во сопствени капацитети како и управувањето со тие капацитети, Агенцијата за задолжителни резерви може врз основа на договор да ги довери на енергетски субјект со регистрирано седиште на територијата на Република Македонија.

**Членовите 22, 23 и 24 се избришани,** види: Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжителни нафтени резерви, ("Службен весник на РСМ" бр.147/24).

## Директор на Агенцијата за задолжителни резерви

### Член 25

(1) Со работата на Агенцијата за задолжителни резерви раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија, на предлог на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини.

(2) За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност,
- да има стекнати 240 кредити според ЕКТС или VII/1 степен на образование,
- да има најмалку седум години работен стаж по дипломирањето, од кои пет години на раководна функција во областа на енергетиката,
- поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати за познавање на англиски јазик не постар од пет години: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT) со најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) со најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) со најмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен, БУЛАТС (BULATS) со најмалку 60 бода или АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2) и
- поседува сертификат за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

(3) Директорот се именува по спроведен јавен оглас за избор, објавен во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија, од кои еден се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(4) Директорот за работата на Агенцијата за нафтени резерви доставува полугодишен и годишен извештај до министерот за енергетика, рударство и минерални суровини. Полугодишниот извештај се доставува најдоцна до 30 јули во тековната година, а годишниот извештај до 31 март во тековната за претходната година.

(5) Директорот се разрешува:

1. ако тоа самиот го побара;
2. во случај на спреченост на вршење на функцијата поради болест во траење подолго од шест месеци непрекинато;
3. ако биде осуден за кривично дело на безусловна казна затвор во траење од најмалку шест месеци;
4. ако се утврдат неправилности во неговото материјално - финансиско работење, поради што е нанесена штета на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви и
5. поради нестручно, пристрасно и несовесно вршење на функцијата и надлежностите кои му се доверени.

## Работи од делокруг на Директорот

### Член 26

(1) Директорот на Агенцијата за задолжителни резерви ги врши следниве работи:

1. ја претставува и застапува Агенцијата за задолжителни резерви;
2. донесува Статут на Агенцијата за задолжителни резерви по претходна согласност на министерот надлежен за работите од областа на енергетиката;
3. донесува акти за организација, систематизација, како и други општи акти на Агенцијата за задолжителни резерви;
4. донесува годишна програма со финансиски план за тековната година по претходна согласност на министерството надлежно за работите од областа на енергетиката;
5. подготвува и доставува годишен извештај за работата со годишна сметка на Агенцијата за задолжителни резерви до Владата на Република Северна Македонија;
6. ја организира работата и раководи со стручните служби на Агенцијата за задолжителни резерви;
7. донесува општи и посебни акти за работењето на Агенцијата за задолжителни резерви, по претходна согласност на министерот надлежен за работите од областа на енергетиката;
8. ги имплементира одлуките и актите на Владата на Република Северна Македонија и министерството надлежно за работите од областа на енергетиката;
9. поднесува акти и извештаи до министерството надлежно за работите од областа на енергетиката и до Владата на Република Северна Македонија;
10. доставува годишен извештај за својата работа до министерството надлежно за работите од областа на енергетиката и до Владата на Република Северна Македонија на одобрување;
11. предлага до министерството надлежно за работите од областа на енергетиката акциски план за формирање на задолжителни резерви;
12. предлага до министерството надлежно за работите од областа на енергетиката одлука за количината и структурата на задолжителните резерви кои ќе се чуваат во тековната година;
13. предлага до министерството надлежно за работите од областа на енергетиката правилник за начинот за утврдување, пресметување, висината и уплатување на надоместокот за задолжителните резерви, како и содржината, начинот и роковите за достава на податоци за пласманот на нафтени деривати на домашниот пазар;
14. предлага до министерството надлежно за работите од областа на енергетиката правилник за утврдување на висината на надоместокот за чување и евапорација на нафта и нафтени деривати од задолжителните резерви;
15. предлага до министерството надлежно за работите од областа на енергетиката правилник за пропишување на методи и процедури за пресметка на просечните дневни нето-увози и просечната дневна домашна потрошувачка;
16. предлага до министерството надлежно за работите од областа на енергетиката одлука за постапките и рокови за обновување, за секој нафтен дериват од задолжителните резерви одделно, согласно со неговите физичкохемиски-карактеристики и карактеристиките на складот во кој се чува;

17. предлага до министерството надлежно за работите од областа на енергетиката правилник за методите и процедурите за пресметка на нивоата на задолжителните резерви;

18. донесува годишен план за јавни набавки;

19. донесува одлуки и се грижи за спроведување на јавните набавки;

20. се грижи за законито работење и трошење на финансиските средства;

21. склучува договори во рамките на овластувањата утврдени со овој и со друг закон и со статутот на Агенцијата за задолжителни резерви;

22. донесува поединечни акти за вработените од делокругот на работните односи и

23. врши други надлежности утврдени со закон или со Статутот на Агенцијата за задолжителни резерви.

**Член 26-а**

Министерството надлежно за работите од областа на енергетиката ги врши следниве работи:

1. на предлог на директорот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви го пропишува начинот и постапката за вршење на контрола на спроведувањето на договорите за чување и обновување на задолжителните резерви склучени со трговските друштва - складиштари;

2. на предлог на директорот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви ги пропишува начинот и постапката за вршење на контрола на задолжителните резерви;

3. дава согласност на предлог-акцискиот план за формирање на задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, кој го усвојува Владата на Република Северна Македонија;

4. дава согласност на предлог-одлуката за количината и структурата на задолжителните резерви кои ќе се чуваат во тековната година, која ја донесува Владата на Република Северна Македонија;

5. на предлог на директорот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви го донесува правилникот, со кој се пропишува начинот за утврдување, пресметување и висината на надоместокот за задолжителни резерви, како и содржината, начинот и роковите за достава на податоци за пласманот на нафтени деривати на домашниот пазар;

6. на предлог на директорот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви го донесува правилникот за висината на надоместокот за чување и евапорација на нафта и нафтени деривати од задолжителните резерви;

7. на предлог на директорот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви го донесува правилникот за пропишување на методи и процедури за пресметка на просечните дневни нето-увози и просечната дневна домашна потрошувачка, кој го донесува министерот надлежен за работите од областа на енергетиката;

8. на предлог на директорот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви донесува правилник за методите и процедурите за пресметка на нивоата на задолжителните резерви и

9. врши други надлежности утврдени со закон или со Статутот на Агенцијата за задолжителни резерви.

## Стручни служби

### Член 27

(1) Стручните, административно-техничките, помошните и другите работи за потребите на Агенцијата за задолжителни резерви ги вршат стручните служби на Агенцијата.

(2) Вработените во Агенцијата за задолжителни резерви кои вршат административни работи имаат статус на административни службеници.

(3) За прашањата кои се однесуваат на работниот однос на вработените од став (2) на овој член кои не се уредени со овој закон и со колективен договор, се применуваат одредбите од Законот за административните службеници и Законот за вработените во јавниот сектор.

(4) Вработените во Агенцијата за задолжителни резерви кои вршат помошни и технички работи имаат статус на помошно-технички персонал.

(5) За помошно-техничкиот персонал во Агенцијата за задолжителни резерви се применуваат прописите за работни односи.

(6) Средствата за плати, надоместоци од плата и други надоместоци на вработените во Агенцијата, се обезбедуваат од сопствени приходи остварени согласно со членот 31 став (1) од овој закон.

## Надворешни стручни лица

### Член 28

За реализација на своите активности во согласност со овој закон, прописите донесени врз основа на овој закон, меѓународните договори од областа на безбедноста во снабдувањето ратификувани согласно Уставот на Република Македонија и со статут, Агенцијата за задолжителни резерви може, врз основа на договор, да користи услуги на специјализирани правни и физички лица од земјата и странство.

## Статут

### Член 29

(1) Со Статутот на Агенцијата за задолжителни резерви особено се регулираат:

- работите и задачите на Агенцијата за задолжителни резерви;
- начин на извршување на активности од делокругот на Агенцијата за задолжителни резерви;
- правата, надлежностите и одговорностите на вработените и
- други работи кои Агенцијата за задолжителни резерви ги врши во согласност со овој закон, прописите донесени врз основа на овој закон, меѓународните договори од областа на безбедноста во снабдувањето ратификувани согласно Уставот на Република Македонија и со статут.

(2) На Статутот на Агенцијата за задолжителни резерви, Владата на Република Македонија дава согласност.

## Начело на доверливост на податоците

### Член 30

(1) Податоците во врска со количината и структурата на задолжителните резерви согласно овој закон се јавни податоци.

## V. ФИНАНСИРАЊЕ

### Начин на финасирање

**Член 31**

(1) Средствата наменети за покривање на трошоците за формирање, чување и одржување на задолжителните резерви како и за редовно работење на Агенцијата за задолжителни резерви, се обезбедуваат од:

- надоместокот за задолжителни резерви на сурова нафта и/или нафтени деривати (во понатамошниот текст: надоместок за задолжителни резерви);
- средства остварени врз основа на меѓународна соработка на програми и проекти;
- кредити и
- други извори.

(2) Средствата од став (1) алинеја 1 на овој член се приход на Агенцијата за задолжителни резерви и се уплаќаат на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка, а средствата од став (1) алинеи 2, 3 и 4 на овој член се приход на Агенцијата за задолжителни резерви и се уплаќаат на соодветна сметка во рамки на трезорската сметка.

(3) Владата на Република Македонија на предлог на Агенцијата за задолжителни резерви, ги пропишува начинот за утврдување, пресметување и висината на надоместокот од став (1) алинеја 1 на овој член, како и содржината, начинот и роковите за достава на податоци за пласманот на нафтени деривати на домашниот пазар. Висината на надоместокот за задолжителни резерви изразен во денари/литар/килограм за секоја категорија на нафтени деривати од член 6 став (1) на овој закон, се утврдува земајќи ја предвид потребата од финансиски средства во предметната фискална година и се пресметува со поделба на трошоците коишто се очекуваат со количините на задолжителни резерви предвидени да се чуваат и одржуваат во односната фискална година.

(4) Неискористените средства за финансирање од претходната година се пренесуваат за користење во наредната година.

### Обврзници и настанување на обврската за уплата на надоместокот за задолжителни резерви

**Член 32**

(1) Обврзници за уплата на надоместокот за задолжителни резерви се:

- производителите на нафтени деривати и
- увозниците на нафтени деривати.

(2) Обврската за пресметување на надоместокот за задолжителни резерви за производителот на нафтени деривати настанува во моментот на пуштање во промет, односно испорака на произведените нафтени деривати од складиштата на производителот, при што надоместокот го пресметува самиот производител и истиот е должен да го уплати на соодветна уплатна сметка на Агенцијата за задолжителни резерви во рамките на трезорската сметка, во рок од 15 дена по истекот на секој календарски месец во кој се пуштени во промет произведените нафтени деривати.

(3) Производителот е должен надоместокот за задолжителни резерви да го искаже одделно во своите фактури за пуштање во промет на произведените нафтени деривати.

(4) Производителот е должен најдоцна до 10-ти во тековниот месец да ја извести Агенцијата за задолжителни резерви за уплатата на надоместокот за задолжителни резерви, извршена заклучно со последниот ден од претходниот месец и заедно со известувањето да достави и доказ за извршената уплата, односно копија од уплатница/вирман и копија од фактурата од ставот (3) на овој член.

(5) Обврската за уплата на надоместокот за задолжителни резерви, за увозниците на нафтени деривати настанува со настанување на царинскиот долг.

(6) Надоместокот за задолжителни резерви, за увозниците на нафтени деривати го пресметува царинскиот орган при наплатата на царинскиот долг и го уплатува на соодветна уплатна сметка на Агенцијата за задолжителни резерви во рамките на трезорската сметка.

(7) Увозникот на нафтени деривати е должен најдоцна до 10 во тековниот месец да ја извести Агенцијата за задолжителни резерви за уплатата на надоместокот за задолжителни резерви, извршена заклучно со последниот ден од претходниот месец и заедно со известувањето да достави и доказ за извршената уплата, односно копија од уплатница/вирман и спецификација на увозните царински декларации.

(8) Агенцијата за задолжителни нафтени резерви презема податоци од Царинскиот орган согласно со Законот за електронско управување и електронски услуги.

(9) Надоместокот за задолжителни резерви не се плаќа доколку количината на нафтени деривати што се фактурира се извезе.

(10) Во случај на извоз на нафтени деривати за кои претходно е уплатен надоместокот за задолжителни резерви, обврзникот има право на враќање на уплатениот надоместок за извезената количина на нафтени деривати.

(11) Враќање на уплатениот надоместок од ставот (10) на овој член се врши врз основа на барање со приложена извозна царинска декларација како доказ дека количините на нафтени деривати на кои е пресметан надоместокот се извезени од Република Северна Македонија кои обврзникот го доставува до Агенцијата за задолжителни резерви во рок од 30 дена од денот на извршениот извоз.

(12) Начинот на враќање на надоместокот од ставот (10) на овој член го пропишува министерот за финансии.

(13) Враќање на уплатениот надоместок од ставот (10) на овој член се врши со решение на директорот на Агенцијата за задолжителни резерви, по претходна проверка на доставената документација и утврдување на исполнетоста на законските услови за враќање на уплатениот надоместок, во рок од 30 дена од донесувањето на решението.

**Соработка со надлежниот царински орган**

**Член 33**

(1) За извршениот увоз на сурова нафта и нафтени деривати во Република Македонија, Царинската управа на Република Македонија е должна да изготвува месечен извештај и истиот да го доставува до Агенцијата за задолжителни резерви и до Државниот завод за статистика најдоцна во рок од 35 дена, за увозот извршен заклучно со последниот ден од месецот.

(2) За извршениот промет на нафтени деривати во Република Македонија, Царинската управа на Република Македонија е должна да изготвува месечен извештај и истиот да го доставува до Агенцијата за задолжителни резерви и до Државниот завод за статистика најдоцна во рок од 35 дена, за прометот извршен заклучно со последниот ден од месецот.

(3) Агенцијата за задолжителни резерви и Царинската управа може да вршат срамнување на податоците од ставовите (1) и (2) на овој член врз основа на барање на било која страна и за истото се должни да состават записник..

## VI. ПОСЕБНИ РЕЗЕРВИ

## **Посебни резерви**

### **Член 34**

(1) Агенцијата за задолжителни резерви може да чува и резерви на нафтени деривати во форма на посебни резерви кои се составен дел на задолжителните резерви, пресметани во денови на потрошувачка во согласност со условите утврдени во овој член и истите се чуваат со цел да се овозможи соодветна интервенција со пуштање во промет на количини на нафтени деривати кои се неопходно потребни за првичен одговор во случаи на посебна итност или да се пребродат локални кризи кои не се предизвикани од промена на цените на суровата нафта или нафтените деривати, а може да се однесуваат и на прекини во снабдувањето со природен гас. Посебните резерви се сопственост на Република Македонија и со нив управува Агенцијата за задолжителни резерви.

(2) Нивото на посебни резерви кои што се чуваат се пресметува врз основа на методите и процедурите за пресметување на обврските за чување на резерви утврдени во прописот од член 11 став (2) на овој закон.

(3) За исполнување на обврската за чување на посебни резерви соодветно се применуваат одредбите од членовите 14 и 15 на овој закон, освен за чување на посебните резерви од став (4) алинеи 10, 11, 12, 13 и 14 на овој член, за кои трговските друштва складиштари треба да поседуваат само акцизна дозвола.

(4) Посебните резерви може да бидат составени од еден или повеќе видови на нафтени деривати и тоа:

- Етан,
- ТНГ,
- Моторен бензин,
- Бензин за воздухоплови,
- Гориво за реактивни мотори од бензински вид, (од нафтен вид или JP4),
- Гориво за реактивни мотори од керозински вид,
- Друг керозин,
- Гасни масла /дизел гориво (масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) и дизел),
- Мазут (со голема содржина на сулфур и со мала содржина на сулфур),
- Минерален терпентин (“White spirit” ) и SBP,
- Масла за подмачкување,
- Битумен,
- Парафински восоци и
- Нафтен кокс.

(5) Нафтените деривати кои се избрани да се чуваат за посебни резерви се утврдуваат врз основа на категориите од став (4) на овој член, а за секоја избрана категорија резервите одговараат на даден број на денови на просечна дневна потрошувачка измерена врз основа на нивниот еквивалент на сурова нафта во текот на референтната година, која е календарската година пред периодот на чување на посебните резерви.

(6) Збирот на еквивалентите на сурова нафта за количините на нафтени деривати коишто се користат во Република Македонија, а коишто биле избрани како посебни резерви, мораат во референтната година да претставуваат најмалку 75% од еквивалентот на сурова нафта за домашната потрошувачка. Домашната потрошувачка на нафтени деривати е збирот на „пресметани бруто домашни испораки" само од нафтените деривати: моторен бензин, бензин за воздухоплови, гориво за реактивни мотори од бензиски вид (на база на нафта или JP4), гориво за реактивни мотори од керозински тип, други видови керозин, дизел гориво / природен гас (дестилиран мазут) и мазут (со висок или низок процент на сулфур). Еквивалентите на сурова нафта за домашна потрошувачка се пресметуваат со множење на конкретните количини на нафтени деривати од овој став со фактор 1,2 на збирниот показател.

(7) За потребата за формирање на посебни резерви, бројот на денови за кои што се чуваат посебни резерви, како и избраните нафтени деривати од став (4) на овој член одлучува Владата на Република Македонија, а одлуките остануваат во сила во времетраење од најмалку една година и нивните измени можат да влезат во сила само на првиот ден од календарскиот месец.

(8) Доколку Република Македонија одлучи да чува посебни резерви, Агенцијата за задолжителни резерви преку министерството надлежно за работите од областа на енергетиката на Европската комисија ѝ испраќа известување со прецизирање на нивото на резервите што се обврзала да ги чува, како и времетраењето на таквото чување.

(9) Доколку Република Македонија не презела обврска во дадена календарска година да чува посебни резерви за најмалку 30 дена, може да обезбеди најмалку една третина од нејзината обврска за чување задолжителни резерви да се чува во форма на производи согласно ставовите (4) и (6) на овој член.

(10) Доколку во Република Македонија во дадена календарска година се чуваат посебни резерви за помалку од 30 дена, Агенцијата за задолжителни резерви изработува годишен извештај за преземените мерки за обезбедување на расположивоста и физичката достапност на задолжителните резерви како и аранжманите кои се направени за да ѝ обезбедат на Република Македонија да го контролира користењето на овие резерви во случај на прекини во снабдувањето со нафта. Тој извештај ѝ се испраќа на Европската комисија до крајот на првиот месец од календарската година на која се однесува.

(11) Доколку Република Македонија одлучи посебните резерви да ги пушти во промет, ќе се применуваат одредбите од членот 36 од овој закон.

## Управување со посебните резерви

### Член 35

(1) Агенцијата за задолжителни резерви води и одржува Регистар на посебни резерви, за сите посебни резерви што ги чува на територијата на Република Македонија, кој постојано се ажурира. Регистарот на посебни резерви особено ги содржи сите неопходни информации за прецизирање на точната локација на посебните резерви.

(2) Агенцијата за задолжителни резерви преку министерството надлежно за работите од областа на енергетиката на Европската комисија ѝ испраќа копија од Регистарот на посебни резерви во рок од 15 дена по добиено барање од

Европската комисија. Оваа копија не мора да содржи чувствителни податоци за локацијата на резервите. Ваквите барања од страна на Европската комисија можат да се поднесат не подоцна од пет години по датумот на кој се однесуваат бараните податоци.

(3) Агенцијата за задолжителни резерви изработува и статистички резимеа за посебните резерви и истите преку министерството надлежно за работите од областа на енергетиката ги поднесува до Европската комисија.

(4) Кога посебните резерви се мешаат со други залихи на нафтени деривати, Агенцијата за задолжителни резерви ги презема неопходните мерки со цел да се спречи складиштарот да врши преместување на тие измешани деривати во обем кој ги претставува посебните резерви, доколку нема претходно писмено овластување од Агенцијата за задолжителни резерви.

(5) Посебните резерви коишто се чуваат или се транспортираат во рамки на територијата на Република Македонија неможат да бидат предмет на задржување, залог, извршување и пленидба без оглед на тоа дали тие резерви се во сопственост на Република Македонија или во сопственост на други земји.

(6) Министерот надлежен за работите од областа на енергетиката, на предлог на Агенцијата за задолжителни резерви, ги пропишува содржината, формата и начинот на водење на Регистарот на посебните резерви како и правилата за подготовка и роковите за поднесување на резимеа од Регистарот на посебните резерви до Европската комисија.

(7) Министерот надлежен за работите од областа на енергетиката, на предлог на Агенцијата за задолжителни резерви, ја пропишува содржината, формата и начинот на изготвувањето на статистичките резимеа за посебните резерви, како и правилата за подготовка и роковите за поднесување на статистички резимеа до Европската комисија.

## VII. НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ РЕЗЕРВИ

### Услови и начин на пуштање во промет на задолжителните резерви

### Член 36

(1) Во случај на вонредно пореметување и нарушување на снабдувањето на пазарот со сурова нафта и нафтени деривати, Владата на Република Македонија, на предлог на Советодавната комисија од членот 38 од овој закон, донесува одлука за пуштање во промет на задолжителните резерви, со која се определува видот и количините на сурова нафта и/или нафтени деривати кои се пуштаат во промет, постапката и роковите за пуштање во продажба на задолжителните резерви, како и временскиот интервал во кој ќе се применува одлуката.

(2) Со одлуката од став (1) на овој член, Владата на Република Македонија истовремено одобрува привремено да се чуваат помали количини на сурова нафта и/или нафтени деривати од оние што се пропишани со член 5 став (1) или со член 34 на овој закон.

(3) Агенцијата за задолжителни резерви врз основа на одлуката од ставот (1) на овој член, нафтените деривати од задолжителните резерви ги пушта во промет на територијата на Република Северна Македонија по пат на продажба по

малопродажни цени утврдени врз основа на одлука за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт донесена од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, важечка на денот на продажбата. При продажба на задолжителни резерви согласно со овој став не се применуваат одредбите од членовите 36-а, 36-б, 36-в, 36-г, 36-д, 36-ѓ, 36-е, 36-ж и 36-з од овој закон.

(4) Во случај на пуштање во промет на сурова нафта на територијата на Република Македонија, продажната цена ќе се одреди врз основа на средните котации на суровата нафта објавени во текот на испораката во Platt's Crude Oil Marketwire.

(5) Во случај на пуштање во промет на сурова нафта и нафтени деривати од задолжителните резерви надвор од територија на Република Македонија, како интервенција врз основа на ефективна меѓународна одлука за пуштање на резерви во промет, продажната цена ќе се одреди врз основа на средните котации објавени во текот на испораката во Platt's Crude Oil Marketwire и Platt's European Marketscanu, за суровата нафта и/или нафтените деривати.

(6) Во случај кога е донесена одлука согласно ставот (1) на овој член, а Агенцијата за задолжителни резерви не успее согласно ставовите (3) и (4) на овој член да пушти задолжителни резерви на пазарот, обврска за купување и продажба како и испорака на нафтените деривати до крајните потрошувачи имаат трговските друштва кои складираат задолжителни резерви и/или енергетските субјекти кои вршат дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, сразмерно на висината на уплатата на надоместокот за задолжителни резерви во претходната календарска година.

(7) Средствата од продажбата на задолжителните резерви се уплаќаат на соодветна уплатна сметка на Агенцијата за задолжителни резерви во рамките на трезорската сметка.

(8) За пуштањето на задолжителните резерви како и за количините, Агенцијата за задолжителни резерви преку министерство надлежно за работите од областа на енергетиката веднаш ја известува Европската комисија.

## Услови и начин на пуштање во промет на задолжителните резерви во случај на потреба Агенцијата за задолжителни резерви да врши обновување и одржување на квалитетот на нафтените деривати

### Член 36-а

(1) Во случај на потреба Агенцијата за задолжителни резерви да врши обновување на определени количини и видови на нафтени деривати од задолжителните резерви заради подобрување на квалитетот, Агенцијата ќе спроведе постапка за усогласување на квалитативните параметри со важечките прописи за квалитетот на течните горива, согласно со Законот за јавните набавки. Доколку не е потребно да се изврши усогласување на квалитативните параметри на нафтените деривати, Владата на Република Северна Македонија на предлог на Агенцијата за задолжителни резерви ќе донесе одлука определени количини и видови на нафтени деривати од задолжителните резерви да бидат разменети или продадени заради обновување, на начин и под услови утврдени со овој закон.

(2) Средствата од продажбата на задолжителните резерви согласно со ставот (1) на овој член се приход на Агенцијата за задолжителни резерви и се уплаќаат на соодветна уплатна сметка на Агенцијата, во рамките на трезорската сметка, согласно со членот 31 став (2) од овој закон.

## Размена на задолжителните резерви

### Член 36-б

(1) Размена на задолжителните резерви може да се врши заради обновување и одржување на квалитетот на нафтените деривати.

(2) Размена на задолжителните резерви може да се врши меѓу Агенцијата за задолжителни резерви и носителите на лиценца за вршење на енергетска дејност преработка на сурова нафта и производство на нафтени деривати и/или трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт на кои им е издадена и акцизна дозвола согласно со Законот за акцизите, во објекти за складирање на нафтени деривати во Република Северна Македонија.

(3) Владата на предлог на директорот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви усогласен со Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини со одлуката за размена ги определува видот и количините на нафтени деривати од задолжителните резерви кои се разменуваат, како и начинот и субјектите со кои се врши размената.

(4) Вредноста на задолжителните резерви кои се предмет на размена се утврдува врз основа на одлука за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт, донесена од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, која е важечка на денот на размената. Во вредноста не се вклучуваат трошоците за акциза доколку размената се врши во рамки на ист акцизен склад или помеѓу различни акцизни складови, како и трошоците за превоз во случај на размена во рамки на ист акцизен склад или различни акцизни складови на ист имател на акцизна дозвола во рамки на ист складишен капацитет.

(5) За размената на нафтените деривати согласно со овој член, Агенцијата за задолжителни резерви склучува договор.

## Продажба на задолжителни резерви заради нивно обновување

### Член 36-в

(1) Владата, на предлог на директорот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви усогласен со Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, со одлуката за продажба од членот 36-а став (1) од овој закон ги определува видот и количините на нафтени деривати од задолжителните резерви кои се пуштаат во продажба заради нивно обновување, како и делливоста на предметот на продажба.

(2) Продажбата на нафтените деривати од ставот (1) на овој член се врши со усно јавно наддавање.

(3) Почетната цена на задолжителните резерви кои се продаваат согласно со овој член, изразена во денари за литар/килограм, се утврдува врз основа на одлука за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт донесена од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, која е важечка на денот на продажбата, а во која не се вклучени трошоците за акциза, данокот на додадена вредност, надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина и надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати.

(4) Почетната цена од ставот (3) на овој член при продажбата со усно јавно наддавање, може да биде намалена најмногу 10%.

**Член 36-г**

(1) Усното јавно наддавање од членот 36-в став (2) од овој закон ќе се врши по пат на негативно наддавање и истото може да се спроведува најмногу во три последователни кругови. Во првиот круг учесниците се изјаснуваат дали ја прифаќаат објавената почетна цена, во вториот круг почетната цена по пат на негативно наддавање може да се намалува најмногу до 5%, додека во третиот круг почетната цена по пат на негативно наддавање може да се намалува најмногу до 10%.

(2) Постапката за усно јавно наддавање ја спроведува Комисија за продажба на нафтените деривати формирана од директорот на Агенцијата за задолжителни резерви (во натамошниот текст: Комисијата) по претходно дадена објава за продажба на нафтени деривати на веб-страницата на Агенцијата за задолжителни резерви и во два дневни весници кои се издаваат на македонски јазик и еден весник кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, и излегуваат најмалку три месеци пред денот на објавувањето на објавата.

(3) Објавата за продажба на нафтените деривати од ставот (2) на овој член задолжително ги содржи следниве податоци за:

- почетната цена на нафтениот дериват кој е предмет на продажба изразена на паритет франко склад на продавачот,
- податоци за делливоста на предметот на продажба,
- рокот и начинот на поднесување на пријавите за учество на усното јавно наддавање,
- местото на кое ќе се одржи усното јавно наддавање и времето на започнување,
- условите за учество на усното јавно наддавање,
- банкарска гаранција за сериозност на понудата во висина од 0,5% од вкупната вредност на доставената понуда - пријава за учество на понудувачот, за нафтениот дериват кој е предмет на продажба,
- условите за активирање на банкарската гаранција за сериозност на понудата и периодот во кој понудувачот нема да може да учествува на секое идно усно јавно наддавање за продажба на нафтени деривати од задолжителните резерви и
- начинот и постапката за спроведување на усното јавно наддавање, начин на легитимирање на учесниците на усното јавно наддавање, дефинирање на почетокот на усното јавно наддавање, обврските за плаќање на давачките утврдени согласно со закон (данок на додадена вредност, акциза, надоместок за финансирање на активностите во областа на животната средина и надоместок за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати), правото на приговор.

**Член 36-д**

(1) За учество на усното јавно наддавање кое е предмет на објавата, можат да се пријават сите заинтересирани лица кои поседуваат лиценца за вршење на енергетска дејност преработка на сурова нафта и производство на нафтени деривати и/или трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, издадена од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија и кои ги исполнуваат условите дадени во објавата.

(2) Рокот за поднесување на пријавата за учество не може да биде пократок од три календарски дена, сметајќи од денот на објавувањето на објавата.

(3) Пријавата за учество на усното јавно наддавање се поднесува во архивата на Агенцијата за задолжителни резерви или со користење на електронски средства на електронска пошта на Агенцијата за задолжителни резерви и треба да ги содржи сите податоци и докази кои се утврдени во објавата вклучувајќи ја и банкарската гаранција за сериозност на понудата која треба да се достави во оригинална форма.

(4) Комисијата по приемот на пријавите за учество утврдува дали се доставени во определениот рок и дали се комплетирани согласно со условите во објавата по што ги известува подносителите на пријавите, по електронски пат. На подносителите на пријавите кои се комплетни и кои ги исполнуваат сите услови согласно со објавата, им се доставува известување со покана за учество на усното јавно наддавање. На подносителите на пријавите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување со образложение дека нема да учествуваат на усното јавно наддавање.

(5) Усното јавно наддавање ќе се одржи на денот, часот и местото определени во објавата. На денот на спроведување на усното јавно наддавање може да присуствува секое заинтересирано лице. Само овластените претставници на подносителите на пријави кои доставиле комплетни пријави за учество согласно со објавата, можат да учествуваат во постапката на усно јавно наддавање, по претходно легитимирање и доставување на овластување потпишано од одговорното лице на понудувачот. Сите овластени претставници на понудувачите, присутни на усното јавно наддавање, треба да потпишат евидентен лист.

(6) Усното јавно наддавање ќе се одржи, доколку по објавата се пријавил и само еден учесник кој ги исполнува условите дадени во објавата и кој ја прифатил почетната цена.

(7) Банкарската гаранција за сериозност на понудата за учество на усното јавно наддавање му се враќа на подносителот на пријавата во рок од 15 дена од денот на одржувањето на усното јавно наддавање, а банкарската гаранција на најповолниот понудувач му се враќа во рок од 15 дена од денот на уплатата на фактурираната вредност за целокупно преземената количина на нафтени деривати од складот.

**Член 36-ѓ**

(1) Усното јавно наддавање започнува во предвиденото време и место со објавување на почетната цена на нафтениот дериват и се спроведува по пат на негативно наддавање од страна на учесниците.

(2) Првиот круг од усното јавно наддавање трае 15 минути, во кое време учесниците се изјаснуваат дали ја прифаќаат почетната цена на нафтените деривати предмет на продажба. Усното јавно наддавање во првиот круг се смета за завршено во моментот на истекот на предвиденото време при што доколку е прифатена почетната цена од страна на учесниците, не се спроведуваат останатите кругови. Доколку по истекот на првите 15 минути, не е прифатена почетната цена од страна на учесниците, Комисијата по пауза од 30 минути, го започнува вториот круг од усното јавно наддавање.

(3) Вториот круг од усното јавно наддавање трае 15 минути, во кој учесниците по пат на негативно наддавање може да ја намалуваат почетната цена со понудени нови намалени цени изразени најмногу до две децимални места. Во вториот круг намалувањето може да биде максимум до 5% од почетната цена. Усното јавно наддавање во вториот круг се смета за завршено со поднесување на последната намалена цена во рамки на предвиденото време, по што директорот на Агенцијата за задолжителни резерви на предлог на Комисијата донесува одлука за избор на најповолен понудувач/и и не се спроведува третиот круг од усното јавно наддавање. Доколку во времето предвидено за вториот круг нема негативно наддавање од страна на учесниците, по пауза од 30 минути Комисијата го започнува третиот круг од усното јавно наддавање.

(4) Третиот круг од усното јавно наддавање трае 15 минути, во кој учесниците по пат на негативно наддавање може да ја намалуваат почетната цена со понудени нови намалени цени изразени најмногу до две децимални места. Во третиот круг намалувањето може да биде максимум до 10% од почетната цена. Усното јавно наддавање во третиот круг се смета за завршено со поднесување на последната намалена цена во рамки на предвиденото време, по што директорот на Агенцијата за задолжителни резерви на предлог на комисијата донесува одлука за избор на најповолен понудувач/и. Доколку по истекот на предвиденото време за третиот круг нема негативно наддавање од страна на учесниците, директорот на Агенцијата за задолжителни резерви донесува одлука за поништување на постапката за усно јавно наддавање.

(5) Доколку во случајот од ставот (4) на овој член дојде до поништување на постапката, директорот на Агенцијата за задолжителни резерви во рок од 15 дена од денот на поништувањето на постапката ќе донесе одлука за повторна објава за продажба.

**Член 36-е**

(1) За најповолен понудувач се смета учесникот на негативното усно јавно наддавање кој понудил последна цена за продажба на нафтените деривати, согласно со членот 36-ѓ од овој закон.

(2) На последната цена од усното јавно наддавање се пресметуваат давачките утврдени согласно со закон и тоа: данок на додадена вредност, акциза, надоместок за финансирање на активностите во областа на животната средина и надоместок за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, кои се на товар на најповолниот понудувач.

(3) Комисијата по завршувањето на негативното усно јавно наддавање изготвува записник за спроведеното наддавање кој се доставува до сите учесници на негативното усно јавно наддавање.

(4) По завршување на негативното усно јавно наддавање и врз основа на записникот од Комисијата, директорот на Агенцијата за задолжителни резерви на предлог на Комисијата носи одлука за избор на најповолниот понудувач.

**Член 36-ж**

(1) Учесниците на негативното усно јавно наддавање имаат право на приговор само по однос на постапката на усното наддавање, во рок од осум дена од одржувањето на наддавањето до Комисијата, која одлучува по приговорот со решение.

(2) Против решението од ставот (1) на овој член, во рок од 15 дена може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Државната комисија носи одлука по однос на поднесената жалба во рок од 15 дена.

**Член 36-з**

(1) По завршувањето на постапката за негативно усно јавно наддавање, со најповолниот понудувач, директорот на Агенцијата за задолжителни резерви склучува договор за продажба на нафтените деривати. На договорот за продажба на нафтените деривати соодветно се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

(2) Договорот за продажба на нафтените деривати се склучува во писмена форма и особено содржи: страни на договорот, предмет на договорот, податоци за нафтените деривати и обврска за купувачот за плаќање на давачките утврдени согласно закон (данок на додадена вредност, акциза, надоместок за финансирање на активностите во обласа на животната средина и надоместок за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати).

(3) Најповолниот понудувач е должен во рок до 30 дена од денот на склучување на договорот да ги преземе нафтените деривати од складот.

(4) Цената по која ќе се фактурира преземената количина од складот е важечката цена на денот на преземањето согласно со објавената одлука за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт донесена од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, намалена за процентот постигнат на усната јавна продажба.

**Услови и начин на издавање на краткорочни позајмици и/или отстапување од задолжителните нафтени резерви при постоење на кризна состојба во снабдувањето со топлинска и електрична енергија**

**Член 36-ѕ[2]**

(1) Задолжителните резерви на нафтени деривати може да се користат при прогласена кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија на подрачјето на Град Скопје и во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија кога постои итна потреба од нафтени деривати од страна на јавни претпријатија и други правни лица и институции основани од државата кои вршат соодветна енергетска дејност за извршување на нивните активности утврдени со закон.

(2) Користењето на задолжителните резерви во енергетска кризна состојба се врши со издавање на краткорочни позајмици од одделни видови на нафтени деривати на јавни претпријатија и други правни лица и институции основани од државата кои вршат соодветна енергетска дејност, за извршување на нивните активности утврдени со закон.

[2] Одредбите од членот 1 од Законот за дополнување на Законот за задолжителни нафтени резерви („Службен весник на РСМ“ бр.236/22), односно од членот 36-ѕ, на овој закон, ќе се применуваат до денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

(3) Користењето на задолжителните резерви, може да се врши и со отстапување без надоместок на одделни видови на нафтени деривати од задолжителните резерви на јавни претпријатија и други правни лица и институции основани од државата кои вршат соодветна енергетска дејност, за извршување на нивните активности утврдени со закон.

(4) Отстапените нафтени деривати од ставот (3) на овој член може да бидат во количини коишто во текот на календарската година нема да надминуваат 50% од вкупно складираните количини на задолжителни резерви за секој нафтен дериват одделно.

(5) За корисниците трошоците за испорака, видот, количините и намената на нафтените деривати кои се позајмуваат и/или се отстапуваат без надоместок, како и за рокот за враќање на позајмените количини во случаите од ставовите (2) и (4) на овој член, одлучува Владата на Република Северна Македонија.

## План за интервенција

### Член 37

(1) Владата на Република Македонија, на предлог на министерството надлежно за работите од областа на енергетиката донесува План за интервенција во случај на вонредно пореметување на снабдувањето на пазарот со сурова нафта и/или нафтени деривати (во натамошниот текст: План за интервенција).

(2) Со Планот за интервенција се пропишуваат постапката, критериумите и условите за утврдување на настанување на вонредно пореметување на снабдувањето на домашниот пазар со сурова нафта и/или нафтени деривати и прогласување на нафтена кризна состојба, надлежност и одговорност за постапување во случај на пореметување на снабдувањето, мерките што се преземаат во случај на нафтена кризна состојба, правата и обврските на носителите на една или повеќе лиценци за вршење на енергетските дејности преработка на сурова нафта и производство на нафтени деривати, производство на горива наменети за транспорт со намешување на нафтени деривати и биогорива и трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, биогорива и горива за транспорт, како и други постапки за нормализација на снабдувањето на пазарот.

(3) Со Планот за интервенција се пропишуваат и мерки кои вклучуваат смалување на потрошувачката на нафтени деривати во услови на настанато вонредно пореметување на снабдувањето на домашниот пазар или на нафтена кризна состојба.

(4) Планот за интервенција не се применува во случај на непосредна загрозеност на независноста и територијалниот интегритет на Република Македонија и во случај на големи природни непогоди на територијата на Република Македонија.

(5) Владата на Република Македонија на предлог на Советодавната комисија од член 38 на овој закон, донесува одлуки за мерките и активностите пропишани со Планот од став (1) на овој член, кои се преземаат за заштита од непосредна опасност од пореметување во снабдувањето и отстранување на настанатите пречки во снабдувањето со нафтени деривати на пазарот.

## Советодавна комисија

### Член 38

(1) За спроведување на Планот за интервенција од членот 37 од овој закон, Владата на Република Македонија формира Советодавна комисија составена од девет члена.

(2) Членовите на Советодавната комисија ги именува и разрешува Владата на Република Македонија и истата е составена од:

- еден претставник од министерството надлежно за работите од областа на енергетиката именуван на предлог на министерот, од редот на именувани функционери;
- еден претставник од министерството за финансии, именуван на предлог на министерот, од редот на именувани функционери;
- директорот на Агенцијата за задолжителни резерви;
- претседателот на Регулаторната комисија за енергетика;
- по еден претставник од два енергетски субјекти со најголем удел на пазарот на нафтени деривати во големопродажба во Република Македонија, на ниво на членови на управата или извршни директори, именувани на предлог на министерот надлежен за работите од областа на енергетиката и
- по еден претставник од два најголеми потрошувачи на нафтени деривати во земјата од секторот индустрија, на ниво на членови на управата или извршни директори, именувани на предлог на стопански комори.

(3) Претседател на Советодавната комисија е претставник од министерството надлежно за работите од областа на енергетиката, а заменик претседател е Директорот на Агенцијата за задолжителни резерви.

(4) Мандатот на членовите на Советодавната комисија трае четири години, односно до истекот на мандатот на функциите во институциите односно субјектите од кои доаѓаат, со право на повторен избор.

(5) Советодавната комисија ги врши следните работи:

- иницира предлог за донесување на одлука за настанато вонредно пореметување во снабдувањето на пазарот со сурова нафта и нафтени деривати и прогласување на нафтена кризна состојба;
- предлага мерки и одлуки за нормализација на снабдувањето на пазарот со сурова нафта и нафтени деривати во случај на вонредно пореметување на снабдувањето;
- предлага дополнителни мерки за нормализација на снабдувањето на пазарот;
- предлага укинување на сите одлуки и мерки за нормализација на снабдување на пазарот и
- други работи согласно овој закон и Деловник за работа на комисијата.

(6) Советодавната комисија за својата работа одговара пред Владата на Република Македонија.

(7) Советодавната комисија работи и одлучува на седници. Начинот на работа и одлучување се уредува со Деловник за работа на Советодавната комисија кој го донесува Комисијата.

(8) На членовите и претседателот на Советодавната комисија не им следуваат никакви надоместоци.

(9) Административно - техничките работи за потребите на Советодавната комисија ги вршат стручните служби на Агенцијата за задолжителни резерви.

**Соработка со меѓународни институции од областа на енергетиката во врска со пуштањето на задолжителните резерви**

**Член 39**

(1) Министерството надлежно за работите од областа на енергетиката е задолжено за координација и соработка со Европската комисија. Соработката ги вклучува сите прашања кои се однесуваат на сигурноста во снабдувањето со сурова нафта и нафтени деривати особено во случај на поголеми нарушувања во снабдувањето како и прашањата на доставување на копии од регистрите и статистичките резимеа за состојбата со задолжителните резерви и посебните резерви во Република Македонија. Стручна помош на министерството обезбедува Агенцијата за задолжителни резерви.

(2) Министерството надлежно за работите од областа на енергетиката и Агенцијата за задолжителни резерви ја претставуваат Република Македонија во работните, стручните и советодавните тела на Европската комисија кои се однесуваат на сигурност во снабдувањето.

VIII. НАДЗОР

**Надлежни тела за спроведување на надзор**

**Член 40**

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и на договорите за складирање, чување и обновување на задолжителни резерви врши Агенцијата за задолжителни резерви.

(2) Надзорот од став (1) од овој член го вршат овластени лица од редот на вработените во Агенцијата за задолжителни резерви, врз основа на писмено овластување од директорот на Агенцијата.

(3) Овластените лица се должни при вршењето на надзор да го покажат овластувањето, а на барање на трговското друштво–складиштар, односно на обврзникот за уплата на надоместокот за задолжителни резерви да му оставaт копија од истото.

(4) Овластените лица од Агенцијата за задолжителни резерви не се должни да го најават своето доаѓање.

(5) Овластените лица од Агенцијата за задолжителни резерви ги вршат работите на надзор и превземаат мерки за кои се овластени со овој и друг закон во поглед на:

- надзор над спроведувањето на договорите за складирање;
- увид и надзор над документацијата и евиденцијата за уплата на надоместок за нафтени резерви кај обврзниците за уплата на надоместокот согласно член 32 од овој закон;
- увид во документацијата и евиденцијата на трговските друштва – складиштари кои се однесуваат на складирањето, чувањето и другите дејствија во врска со задолжителните резерви превземени во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(6) Овластените лица од став (2) на овој член, ги вршат работите на надзор и превземаат мерки за кои се овластени со овој и друг закон, во соработка со надлежните инспекциски органи и/или избрано акредитирано контролно инспекциско тело и акредитирана лабораторија, во поглед на:

- квантитативна контрола на количините на задолжителните резерви и
- квалитативна контрола на нафтените резерви.

(7) При вршење на надзорот Агенцијата за задолжителни резерви може, врз основа на договор, да ангажира и други надворешни стручни физички или правни лица од релевантни области за вршење на поедини стручни активности.

(8) Овластените лица од Агенцијата за задолжителни резерви, надлежните инспекциски органи и ангажираните контролни тела и надворешни стручни лица, при вршење на надзорот должни се да водат сметка за заштита на јавниот интерес и за заштита на деловните интереси на трговското друштво – складиштар како и на обврзниците за уплата на надоместокот за задолжителни резерви.

(9) Идентичноста на копијата со оригиналот на документите, доказите и информациите ја потврдува со потпис овластен вработен кај трговското друштво– складиштар, односно кај обврзникот за уплата на надоместокот за задолжителни резерви.

(10) Трговското друштво – складиштар има обврска да соработува и на барање на овластеното лице за вршење надзор да овозможи непречен пристап до складишните капацитети во кои се чуваат задолжителните резерви како и просториите, документите, електронските системи или било кое друго средство во врска со задолжителните резерви предмет на надзор и да ја достави целокупната документација во врска со задолжителните резерви потребна за извршување на надзорот.

(11) Обврзникот за уплата на надоместокот за задолжителни резерви има обврска да соработува и на барање на овластеното лице за вршење надзор да овозможи непречен пристап до просториите, документите, електронските системи или било кое друго средство во врска со пресметката и уплатата на надоместокот за задолжителни резерви и да ја достави целокупната документација потребна за извршување на надзорот.

## Акти и мерки во врска со спроведување на надзорот

### Член 41

(1) При вршење на надзор на задолжителните резерви овластените лица од Агенцијата за задолжителни резерви изготвуваат записник.

(2) Записникот задолжително треба да биде потпишан од овластените претставници на Агенцијата за задолжителни резерви, претставниците од надлежните инспекциски органи, претставникот на ангажираното акредитирано контролно инспекциско тело, управител или магационер на склад, управител односно овластено лице кај обврзникот за уплата на надоместокот за задолжителни резерви, како и од надворешни стручни лица доколку истите се ангажирани.

(3) Во случај на утврдени неправилности, врз основа на записникот од став (1) на овој член, овластените лица за надзор до директорот на Агенцијата за задолжителни резерви поднесуваат писмен извештај со предлог мерки за отстранување на утврдените неправилности.

(4) Директорот на Агенцијата за задолжителни резерви во рамките на своите надлежности има право со решение да им нареди на трговските друштва – складиштари, односно на обврзниците за уплата на надоместокот за задолжителни резерви (во понатамошниот текст: правни субјекти), да го усогласат своето работење со условите предвидени во овој закон, подзаконски акти и договор, во рок од најмногу 30 дена од денот на приемот на решението.

(5) Доколку правните субјекти во рокот од став (4) на овој член целосно ги отстранат недостатоците наведени во решението, истите се должни да достават до Агенцијата за задолжителни резерви писмено образложение со соодветни докази во прилог, најдоцна во рок од пет дена од извршеното усогласување. По извршениот увид и оцена на доставеното образложение, Агенцијата за задолжителни резерви доколку ги прифати поднесените докази со записник ќе констатира дека усогласувањето е извршено.

(6) Доколку правните субјекти во рокот од став (4) на овој член делумно ги отстранат недостатоците наведени во решението, истите се должни да достават детално писмено образложение за ваквото постапување со соодветни докази во прилог, по што Агенцијата за задолжителни резерви може да одреди дополнителен примерен рок од најмногу 15 дена за целосно усогласување на работењето. По истекот на дополнителниот рок трговското друштво – складиштар, односно обврзникот за уплата на надоместокот за задолжителни резерви, се должни да достават писмено образложение за преземените мерки со соодветни докази во прилог, најдоцна во рок од пет дена од извршеното усогласување, а по извршениот увид и оцена на доставеното образложение Агенцијата за задолжителни резерви доколку ги прифати поднесените докази со записник ќе констатира дека усогласувањето е извршено.

(7) Доколку трговското друштво – складиштар, односно обврзникот за уплата на надоместокот за задолжителни резерви не постапат согласно роковите и условите од ставовите (4), (5) и (6) на овој член, Агенцијата за задолжителни резерви ќе поведе постапка пред надлежен суд соодветно на видот на прекршокот и висината на настанатата штета.

(8) Против донесените решенија од ставовите (4), (5) и (6) на овој член, трговското друштво – складиштар, односно обврзникот за уплата на надоместокот за задолжителни резерви имаат право да поведат управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истите.

(9) Овластените лица од Агенцијата за задолжителни резерви, кои при вршењето на надзорот ќе констатираат дека има елементи на сторено кривично дело, должни се за тоа да достават извештај до директорот на Агенцијата за задолжителни резерви заради поведување на законска постапка пред надлежените органи.

## Инспекциски надзор на задолжителните резерви

### Член 42

(1) Инспекциски надзор на задолжителните резерви врши Државниот пазарен инспекторат и Државниот инспекторат за техничка инспекција во согласност со нивните надлежности утврдени со закон.

## IX. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Висина на глоба

### Член 43

(1) Глоба во износ од 7 до 10% од приходот на правното лице остварен од енергетската дејност, за чие вршење има добиено лиценца од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, во претходната фискална година од годината во која е сторен прекршокот или од приходот остварен за пократок период од годината што му претходи на прекршокот, доколку во таа година правното лице започнало да работи, ќе му се изрече за прекршок на трговско друштво – складиштар:

- ако задолжителните резерви неовластено ги користи, ги отуѓи, им ја промени намената, го промени складишниот простор или на друг начин неовластено располага со суровата нафта и/или нафтените деривати од задолжителните резерви спротивно на договорот од членот 14 ставови (4) и (5) од овој закон,
- задолжителните резерви кои ги чува по својот квалитет не одговараат на важечките прописи за квалитет на течните горива во Република Северна Македонија и/или истите содржат недозволени примеси и/или нечистотии кои можат битно да влијаат врз квалитетот и на фактичките количини на задолжителните резерви согласно со членот 15 став (4) од овој закон,
- не постапува во согласност со одлуките на Владата на Република Северна Македонија во случај на пореметување на снабдувањето, согласно со членот 36 од овој закон и
- не прифати мерки и не постапува согласно со Планот за интервенција од членот 37 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 4 до 7% од приходот на правното лице остварен од енергетската дејност, за чие вршење има добиено лиценца од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, во претходната фискална година од годината во која е сторен прекршокот или од приходот на правното лице остварен за пократок период од годината што му претходи на прекршокот, доколку во таа година правното лице започнало да работи, ќе му се изрече за прекршок на трговско друштво – складиштар ако задолжителните резерви ги користи како средства за обезбедување на побарувања кон трети лица – залог или било кој друг вид на обезбедување или задржување и како средства за извршување и пленидба, согласно со членот 15 став (5) и членот 16 од овој закон.

(3) Глоба во износ од 1 до 4% од приходот на правното лице остварен од енергетската дејност, за чие вршење има добиено лиценца од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, во претходната фискална година од годината во која е сторен прекршокот или од приходот на правното лице остварен за пократок период од годината што му претходи на прекршокот доколку во таа година правното лице започнало да работи, ќе му се изрече за прекршок на трговско друштво – складиштар, односно обврзникот за уплата на надоместокот за задолжителни резерви, ако:

- не обезбеди пристап до складишните капацитети каде се чуваат задолжителните резерви согласно со членот 15 став (6) од овој закон,

- не овозможи непречен пристап до просториите, документите, електронските системи или било кое друго средство во врска со пресметката и уплатата на надоместокот за задолжителни резерви и не ја достави целокупната документација потребна за извршување на надзорот, согласно со членот 40 став (11) од овој закон,

- не го уплати надоместокот за задолжителни резерви согласно со членот 32 од овој закон и

- не постапи согласно со роковите и условите од членот 41 ставови (4), (5) и (6) од овој закон.

(4) Глоба во износ од 5.000 - 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на трговското друштво – складиштар, односно обврзникот за уплата на надоместокот за задолжителни резерви, ако:

- не даде податок, даде неточен, нецелосен, ненавремен податок или пак податокот го дава на начин поинаков од пропишаниот согласно со членот 10 став (1) и членот 32 од овој закон.

(5) Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на трговското друштво - складиштар и обврзникот за уплата на надоместокот за задолжителни резерви, ако:

- не ја стави на увид и располагање документацијата во врска со работењето со задолжителните резерви согласно со членот 15 став (6) од овој закон и

- не ги чува податоците, евиденцијата и документацијата во врска со задолжителните резерви во роковите утврдени согласно со членот 15 став (8) од овој закон.

(6) За дејствијата од ставовите (1), (2) и (3) на овој член глоба во износ до 1.000 евра во денарска противредност ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице и овластено службено лице, а доколку прекршокот е сторен од користољубие или со прекршокот е предизвикана поголема имотна штета ќе се изрече глоба во сразмер со висината на причинетата штета или прибавената корист но најмногу до 5.000 евра во денарска противвредност.

(7) Покрај глобата за прекршок од ставовите (1) и (2) на овој член на правното лице кое сторило два или повеќе прекршоци или во рок од една година ги повторува прекршоците од ставовите (1) и (2) на овој член, може да му се изрече и привремена забрана за вршење на одделна дејност во траење од една до две години, а на одговорното лице во правното лице за истиот прекршок му се изрекува и привремена забрана за вршење на одделна професија, дејност или должност во траење најмногу до една година.

(8) Покрај глобата за прекршокот од ставот (3) на овој член на правното лице кое сторило два или повеќе прекршоци или во рок од една година ги повторува прекршоците од ставот (3) на овој член, може да му се изрече и привремена забрана за вршење на дејност во траење од шест месеци до една година, а на одговорното лице во правното лице да му изрече привремена забрана за вршење на одделна професија, дејност или должност во траење до шест месеци.

### Надлежен суд

### Член 44

За прекршоците утврдени во член 43 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд

## Постапка за порамнување

### Член 45

(1) За прекршоците утврдени во членот 43 од овој закон, Агенцијата за задолжителни резерви е должна на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување пред да поднесе барање за прекршочна постапка.

(2) Кога овластеното лице за вршење надзор ќе констатира прекршок составува записник во кој ги забележува битните елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, лично име, адреса и единствен матичен број на граѓанинот, ако се работи за странец и број на патната исправа и држава, а за правно лице, назив, седиште и даночен број, времето, местото и начинот на сторувањето на прекршокот, описот на дејствието, правната квалификација на прекршокот и лицата затекнати на самото место, како и дава предлог за порамнување со издавање на прекршочен платен налог. Записникот го потпишуваат овластеното лице за вршење на надзор и сторителот.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, ако овластеното лице за вршење надзор прекршокот го утврди лично или го утврди со употреба на соодветни технички средства и направи, односно со податоци од службена евиденција записникот го потпишува само овластеното лице.

(4) Доколку во постапката на сторителот му бил издаден прекршочен платен налог, тоа ќе се забележи во записникот за констатиран прекршок.

(5) Доколку сторителот не се согласи да му биде издаден прекршочен платен налог или со закон не е пропишано издавање на прекршочен платен налог, истото ќе се забележи во записникот за констатиран прекршок, а овластеното лице за вршење надзор поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.

(6) За прекршоците утврдени во членот 43 ставови (4), (5) и (6) од овој закон ќе биде издаден прекршочен платен налог согласно со Законот за прекршоците.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 46

(1) Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати основана согласно Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на Република Македонија" број 84/2008, 35/11, 84/12 и 43/14) со денот на отпочнување со примената на овој закон продолжува да работи како Агенцијата за задолжителни нафтени резерви со надлежности утврдени со овој закон.

(2) Средствата, залихите, имотот, правата, побарувањата, обврските, архивата и документацијата од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати со денот на отпочнување со примената на овој закон, во целост се пренесуваат на Агенцијата за задолжителни резерви.

(3) Вработените во Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, од денот на отпочнување со примената на овој закон до денот на започнувањето на примената на Законот за административните службеници ("Службен весник на Република Македонија" број 27/14) и Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" број 27/14), продолжуваат да работат во Агенцијата за задолжителни резерви во согласност со претходно стекнатите звања на јавни службеници и во согласност со актите за организација на работењето и систематизација на работните места на Агенцијата за задолжителни резерви.

(4) Вработените во Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, кои вршат помошни и технички работи и немаат статус на јавни службеници со денот на отпочнување со примената на овој закон, продолжуваат да работат во Агенцијата за задолжителни резерви и во однос на нивните права, обврски и одговорности од работниот однос се применуваат општите прописи за работни односи.

**Член 47**

Членовите на Управниот одбор на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати кои ја вршат оваа функција со денот на отпочнување со примената на овој закон, продолжуваат да ја извршуваат својата функција за која се именувани како членови на Управниот одбор на Агенцијата за задолжителни резерви до изборот на нов Управен одбор од страна на Владата на Република Македонија.

**Член 48**

Директорот на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати кој ја врши оваа функција на денот на отпочнувањето со примена на овој закон, продолжува да ја врши функцијата директор на Агенцијата за задолжителни резерви до именување на директор од страна на Владата на Република Македонија.

**Член 49**

(1) Владата на Република Македонија најдоцна до денот на отпочнување со примена на овој закон ќе донесе:

1) акциски план за формирање на задолжителни резерви од член 12 став (2) од овој закон;

2) одлука за количината и структурата на задолжителните резерви за тековната година, согласно членот 12 став (3) од овој закон;

3) уредба со која ги пропишува начинот на утврдување, пресметување, висината и надоместувањето на трошоците за чување на задолжителните резерви согласно членот 15 став (3) од овој закон;

4) уредба со која ги пропишува начинот за утврдување, пресметување и висината на надоместокот за нафтени резерви, како и содржината, начинот и роковите за достава на податоци за пласманот на нафтени деривати на домашниот пазар, согласно членот 31 став (3) од овој закон;

5) план за интервенција во случај на вонредно пореметување на снабдувањето на пазарот со сурова нафта и нафтени деривати согласно членот 37 став (1) од овој закон.

(2) Владата на Република Македонија најдоцна до денот на отпочнување со примена на овој закон ќе ги именува членовите на Управниот одбор и Директорот на Агенцијата за задолжителни резерви согласно членовите 23 и 25 од овој закон.

(3) Владата на Република Македонија најдоцна до денот на отпочнување со примена на овој закон ќе ја формира и ќе ги именува членовите на Советодавната комисија од членот 38 ставови (1) и (2) од овој закон.

(4) Министерот надлежен за работите од областа на енергетиката, на предлог на Агенцијата за задолжителни резерви, најдоцна до денот на отпочнување со примена на овој закон ќе донесе:

1) правилник за методите и процедурите за пресметка на просечните дневни нето увози и просечната дневна домашна потрошувачка, од членот 5 став (3) од овој закон;

2) **Точка 2) е избришана**, види: член 27 од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжителни нафтени резерви ("Службен весник на РСМ" бр.150/21)

3) правилник за подготовка и роковите за поднесување на статистички резимеа до Европската комисија, за содржината, формата и начинот на водење на Регистрите за задолжителните и за посебните резерви, како и правилата за подготовка и роковите за поднесување на резимеа од Регистрите за задолжителните и за посебните резерви до Европската комисија, согласно членот 10 став (5), членот 13 ставови (2) и (4) и членот 35 ставови (6) и (7) од овој закон;

4) правилник за методите и процедурите за пресметка на нивоата на задолжителните резерви од членот 11 став (2) од овој закон.

## Рок за формирање на задолжителните резерви

### Член 50

Владата на Република Македонија ќе ги формира задолжителните резерви согласно членот 5 став (1) од овој закон, најдоцна до 31 декември 2022 година.

## Статут на Агенцијата за задолжителни резерви

### Член 51

Статутот на Агенцијата за задолжителни резерви од членот 29 од овој закон, ќе се донесе најдоцна до денот на отпочнување со примена на овој закон.

## Престанок на важење на определени одредби

### Член 52

Со денот на отпочнувањето на примената на овој закон престанува да важи Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на Република Македонија" број 84/2008, 35/11, 84/12 и 43/14).

## Влегување во сила

### Член 53

Одредбата од членот 25 став (2) алинеја 5 од овој закон кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик ќе отпочнат да се применуваат една година по денот на отпочнување со примената на овој закон.

### Член 54

Одредбите од членот 27 ставови (2) и (3) од овој закон ќе отпочнат да се применуваат од денот на започнувањето на примената на Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14) и Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 27/14).

**Член 55**

Одредбите од членот 4 став (3), членот 10 став (3), членот 13 ставови (2) и (3), членот 15 став (7), членот 34 ставови (8) и (10), членот 35 ставови (2) и (3), членот 36 ставови (5) и (8) и членот 39 став (1) на овој закон, ќе отпочнат да се применуваат од денот на пристапувањето на Република Македонија во Европската Унија.

**Член 56**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2021 година.

*Во членот 56 годината "2020" се заменува со годината "2021", **види чл.1 од Законот за изменување на Законот за задолжителни нафтени резерви ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19)**

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**
**од Законот за изменување**
**на Законот за задолжителни нафтени резерви**
**("Службен весник на РМ" бр.178/14)**

**Член 2**

Овој закон влегува во сила осмиот ден по денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**
**од Законот за изменување**
**на Законот за задолжителни нафтени резерви**
**("Службен весник на РМ" бр.199/15)**

**Член 2**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**
**од Законот за изменување**
**на Законот за задолжителни нафтени резерви**
**("Службен весник на РМ" бр.197/17)**

**Член 2**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**
**од Законот за изменување**
**на Законот за задолжителни нафтени резерви**
**("Службен весник на РМ" бр.7/19)**

**Член 2**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

## ЗАВРШНА ОДРЕДБА
## од Законот за изменување
## на Законот за задолжителни нафтени резерви
## ("Службен весник на РСМ" бр.275/19)

**Член 2**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
## од Законот за изменување и дополнување
## на Законот за задолжителни нафтени резерви
## ("Службен весник на РСМ" бр.150/21)

**Член 28**

Статутот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви ќе се донесе најдоцна во рок од 60 дена од денот на влегување во сила на овој закон.

**Член 31**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
## од Законот за дополнување
## на Законот за задолжителни нафтени резерви
## ("Службен весник на РСМ" бр.236/22)

**Член 2**

Одредбите од членот 1 од овој закон ќе се применуваат до денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
## од Законот за изменување и дополнување
## на Законот за задолжителни нафтени резерви
## ("Службен весник на РСМ" бр.147/24)

**Член 10**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува мандатот на директорот и на членовите на Управниот одбор на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви.

Владата на Република Северна Македонија во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон именува нов директор.

### Член 11

Подзаконските акти донесени согласно со Законот за задолжителни нафтени резерви („Службен весник на Република Македонија“ број 144/14, 178/14, 199/15, 197/17 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19, 150/21 и 236/22) до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се усогласат со одредбите од овој закон најдоцна шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 12

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.